Во соработка со
Народна банка
на Република
Македонија



# ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?



## ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?

**Штедење е кога не ги трошиме сите пари што ги добиваме. Можеме да ги чуваме во банка, а можеме да ставиме и некоја паричка во касичка и тоа значи дека штедиме.**



## КАКО И КАДЕ СЕ ШТЕДИ?

Парите може да се чуваат во касичка, но посигурно е да се чуваат во банка.
Банката му отвора штедна книшка на секој што штеди, а во неа се запишува колку пари.
Банката е најдоброто место за чување на парите, затоа што таму парите се безбедни и затоа што од ден на ден ги има сè повеќе и повеќе.
Кога се штеди во банка, парите на штедната книшка со текот на времето се зголемуваат. Банката на тој начин му се заблагодарува на штедачот што тој ѝ ги доверил своите пари на чување, а наградата, односно парите што се додаваат во штедната книшка се нарекуваат камата.

## КОГА ДА ПОЧНАМ ДА ШТЕДАМ?

Би било добро да почнете да штедите уште од детството за да можете во иднина да купите некои работи за кои мечтаете или ги посакувате.





## ОД ТОЧКА ДО ТОЧКА - ПОГОДИ ШТО Е!

Спој ги точките од 1 до 68. Обој ја сликата.
Ќе добиеш цртеж на...



(заокружи):

а) денар б) паричник в) касичка



## ШТО НАУЧИВМЕ? Прашања за штедењето:

1.Што даваме да се чува во банка? П _ _ _

2.Кое е најдоброто место за чување на нашите пари?
Б _ _ _ _

3.Кога не ги трошиме сите пари коишто ги добиваме, туку ги собираме и ги чуваме во касичка или ги вложуваме во банка, тоа се нарекува Ш _ _ _ _ _ _

**Точните одговори на овие прашања (наведете ги следниве податоци: име, презиме, одделение, училиште и град) испрати ги на нашата адреса.**

**Ќе наградиме тројца читатели и нивните имиња ќе ги објавиме во следниот број.**




Развигор

Едукативно и забавно списание за деца.
Излегува двапати месечно во текот на учебната година.
Година LIII, 20 март 2013
Број 779, Учебна 2012-2013
Цена 40 денари

ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД Скопје

За издавачот:
Генерален директор
**м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ**

Издава
**Редакција „Детска радост“**
Одговорен уредник
**ЉУПКА МАНАСИЕВСКА**
Ликовно–графички уредник
**ТОМЕ МАНЕСКИ**
Ликовно–графички уредник соработник
**ОЛГИЦА М. ТАСКОВСКА**
Лектор
**ДЕНИЗ ТЕСТОРИДЕС**
Илустрација на корица
**ИГОР ЈОВЧЕВСКИ**
Адреса на Редакцијата:
**„Димитрие Чуповски“ 15**
**1000 Скопје**
**ПОШТ. ФАХ 6**
**e-mail razvigor2004@ yahoo.com**

ТЕЛЕФОНИ
Редакција:(02) 32 25 434
Централа: (02) 31 17 255
Комерцијала: (02) 20 41 520
Телефакс: (02) 31 29 402

Жиро–сметка:
**2500000000897-39**
Инвест банка АД – Скопје
ЕДБ: **4030990209597**
Банка депонент :
Инвест банка АД – Скопје
Печати: „Европа 92“ Кочани

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Министерството за образование и наука на Република Македонија, со известување број 19–10550/2, дава одобрение за дистрибуција на списанието РАЗВИГОР во основните училишта во Република Македонија, согласно член 104 став 4 од Законот за основно образование, со кој е регулирано дека учениците во основното училиште можат освен учебници да користат и други извори за учење.